( Образец ПП……)

Република Северна Македонија
Основен суд Кратово
СПИСУ.бр. 3 / 21
03.02. 2021 година
Кратово

До: ______________________________

(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Дали во Вашиот суд се одржани рочишта/судења во граѓанска постапка (парнична и вонпарнична постапка) преку **т.н. далечинско судење (онлајн судење)**, од почетокот на пандемијата со КОВИД-19 до денес;

2. Доколку одговорот е ДА, колку рочишта во граѓанска постапка (парнична и вонпарнична постапка) се одржани преку **т.н. далечинско судење (онлајн судење)**, од почетокот на пандемијата со КОВИД-19 до денес;

3. Доколку одговорот е ДА, дали **т.н. далечинско судење (онлајн судење)** е/се одржана/и преку телефон или преку видео врска, и која видео платформа е користена од Вашиот суд, од почетокот на пандемијата со КОВИД-19 до денес; и

4. Доколку одговорот е НЕ, **кои се најзначајните причини** поради кои не се одржани рочишта/судења во граѓанска постапка (парнична и вонпарнична постапка) во Вашиот суд преку **т.н. далечинско судење (онлајн судење),** од почетокот на пандемијата со КОВИД-19 до денес.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во 01.02.2021 година.** [redacted]

[redacted]

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.3/21-2
03.02.2021 година
К р а т о в о

До
[redacted]

ПРЕДМЕТ: Доставување информации од јавен карактер

Во Основен суд Кратово е примено Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер по електронска пошта на ден 03.02.2021 година.

Во врска со Вашето барање, согласно чл.20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во законски предвидениот рок се постапи по истото и по извршената проверка Ви ги доставуваме следните информации:

1. Во Основен суд Кратово нема одржано рочишта/судења во граѓанска постапка преку т.н далечинско судење (онлајн судење), од почетокот на пандемијата со КОВИД-19 до денес.

2. Најзначајни причини поради кои не се одржани онлајн судења се пред се немањето на законска основа и пишани процедури како тоа би се извело во практична смисла. Потоа немањето на ресурси за спроведување на такво судење, соодветна ИТ и друга опрема, немањето на соодветни човечки ресурси за спроведување на вакво судење итн.

Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер,
Диме Петрушевски

Претседател на судот,
Судија,
Мирослав Георгиевски

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово